Република Србија
Автономна Покраина Војводина
ОПШТИНА ПЛАНДИШТЕ
Општинска управа на општината Пландиште
Датум: 27.04.2024 година
П л а н д и ш т е

Општинската управа на општината Пландиште, врз основа на членот 14 од Законот за единствениот избирачки список („Сл. весник на РС“, бр. 104/09 и 99/11,) и точка 10 од Упатството за спроведување на Законот за единствениот избирачки список („Сл. весник на РС“, бр. 15/12 и 88/18, 67/2020, 40/2021, 90/2021 и 16/22) ги,

**ИЗВЕСТУВА ГРАЃАНИТЕ**

1. **Р а с п и ш а н и  се** избори за одборници во Собранието на општината на 02.06.2024 година.

2. Граѓаните можат да извршат увид во избирачкиот список секој работен ден во периодот од 07 до 15 часот, во зградата на Собранието на општината Пландиште - канцеларија број 1 преку телефон на бројот 013/862-325. Од прогласувањето на изборните листи, право на увид во избирачкиот список има и подносителот на изборната листа, или лице кое е овластено од негова страна во согласност со законот и тоа на ист начин и иста постапка како и граѓаните.

3. Избирачкиот список се заклучува на 17.05.2024 година.

4. Граѓаните можат од распишувањето на изборите за одборници во Собранието на општината, а најдоцна пет дена пред заклучувањето на избирачкиот список односно до 12.05.2024 година, да поднесат барање за запишување на податок во избирачкиот список дека на предстојните избори ќе гласаат врз основа на местото на престој/живеалиште на територијата на општината Пландиште (избрано место за гласање).

5. До 17.05.2024 година граѓаните можат да поднесат барање за упис, бришење, измена, исправка или дополнување на податоци во избирачкиот список.

6. После 17.05.2024 година граѓаните за промена во избирачкиот список можат барање да поднесат до Министерството за државна управа и локална самоуправа. Барањето се поднесува непосредно до Министерството, или преку општинската управа, врз основа на местото на живеалиште на подносителот на барањето, односно врз основа на местото на престој за интерно раселените лица.

В.Д. НАЧАЛНИК НА ОПШТИНСКАТА УПРАВА

Игор Ѓорѓевски, дипл. правник